СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПАРЛАМЕНТАРЕН ИНСТИТУТ

# ЗАКОНСКА МОЖНОСТ ЗА ПРИМАЊЕ НА ПОДАРОЦИ И ДОНАЦИИ ОД СТРАНА НА ИЗБРАНИ И ИМЕНУВАНИ ЛИЦА И ДРЖАВНИ СЛУЖБЕНИЦИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОСТАПКИ ЗА ПРАВНИ СПОРОВИ И МЕДИЦИНСКИ ТРЕТМАНИ ВО ОДРЕДЕНИ ЗЕМЈИ

**-кратка информација-**

*Скопје, април 2023*

Предмет на оваа кратка информација е постоењето на законска можност, односно нејзино регулирање, ограничување или забранување избраните и именувани лица и државните службеници да примаат подароци или донации, како и не/постоењето на исклучоци, отстапувања или специфични аранжмани во врска со примањето подароци или донации **за финансирање правни спорови и медицински третмани** за потребите на овие лица во одредени земји.

Податоците се преземени од Европскиот центар за парламентарни истражувања и документација (ЕЦПРД)[1]. Земјите коишто се анализираат се членките на ЕЦПРД кои во текот на месец април 2023 година одговориле на ЕЦПРД-прашалникот бр. 5398 поставен од страна на израелскиот парламент Кнесет, којшто се однесува на подароци и донации на избрани функционери и државни службеници (Република Австрија, Кралство Белгија, Канада, Чешка Република, Република Финска, Република Франција, Сојузна Република Германија, Унгарија, Кралство Холандија, Норвешка, Република Полска, Република Португалија, Кралство Шпанија, Кралство Шведска, Велика Британија).

Кратката информација е изработена по сопствена иницијатива, согласно Правилникот за вршење на надлежностите на Парламентарниот институт во Собранието на Република Северна Македонија.

Во сите анализирани земји постои одредена регулатива (закони, кодекси, правила) што ја регулира, ограничува или забранува можноста за избраните функционери и/или државните службеници[2] да примаат подароци или донации, меѓутоа освен во Израел, истата не уредува исклучоци, отстапувања или специфични аранжмани во врска со прифаќање подароци или донации со конкретна намена **за финансирање правни спорови и медицински третмани**.

---

[1] Gifts and donations to elected officials and public servant, Questions, Model Reply and Replies https://ecprd.secure.europarl.europa.eu/ecprd/private/request-details/808616 (пристапено на 27.4.2023)

[2] Согласно дадениот одговор, Холандија има само законска регулатива за финансирање на политичките партии и законска регулатива според која пратениците треба да ги регистрираат донациите што ги добиваат во јавен регистар, но нема законска регулатива која ги регулира подароците и донациите што ги добиваат јавните службеници.

Имено, во **Израел** забрането е државните службеници и избраните функционери да примаат подароци или донации, освен подароци со незначителна вредност или подароци од пријатели и членови на семејството. Израел од неодамна воведува нов **Предлог-закон за јавни услуги** кој предвидува уште еден **исклучок** од сегашниот закон кој овозможува право на избраните функционери и јавните службеници да примаат финансиски донации за финансирање на правни постапки или медицински третмани. Предлог-законот не отстапува од постојните законски одредби за поткуп на функционери и државни службеници и затоа анализата не ги опфаќа деталите за кривичното дело поткуп, а исто така не се однесува на донации за изборни кампањи.

Предлог-законот во Израел предлага државните службеници и избраните функционери, да имаат право да добијат финансиска донација за финансирање правни спорови или медицински третмани на кои истите се подложени. Во објаснувачките белешки[3] на Предлог-законот било наведено дека истиот прави рамнотежа помеѓу принципот утврден во постојниот закон, според кој државниот службеник и избраниот функционер нема да го искористи својот статус за неправилно (дури и законски) да прима подароци и неговото право на соодветен процес и други основни права како и сите други луѓе, така што фактот дека тој е државен службеник или избран функционер нема да му наштети при добивањето помош заснована на основните принципи и основните човекови права. Основното образложение на законот е дека трошоците за правни и медицинските постапки може да достигнат многу високи износи и дека тоа се обично непредвидени настани. На овој начин правото на донации на државниот службеник и избраниот функционер се изедначува со правото на било кое друго лице кое е принудено да финансира правен спор или медицински третман, а воедно ќе го заштити од повреда на јавниот интегритет.

Како што е наведено погоре, во законодавството на Република Австрија, Кралство Белгија, Канада, Чешка Република, Република Финска, Република Франција, Сојузна Република Германија, Унгарија, Кралство Холандија, Норвешка, Република Полска, Република Португалија, Кралство Шпанија, Кралство Шведска и Велика Британија не се уредени исклучоци, отстапувања или специфични аранжмани во врска со прифаќање подароци или донации конкретно за финансирање правни спорови и медицински третмани на државни службеници и избрани и именувани лица.

Изработила: Спасена Крстева

Одобрила и согласна: Фани Коровешовска

Раководител на Парламентарниот институт,

______________________

м-р Златко Атанасов

[3] Knesset News https://main.knesset.gov.il/en/news/pressreleases/pages/press6323y.aspx (пристапено на 26.4.2023)

# ЛИСТА НА ИЗВОРИ


1. Gifts and donations to elected officials and public servant, Questions, Model Reply and Replies https://ecprd.secure.europarl.europa.eu/ecprd/private/request-details/808616
2. Knesset News https://main.knesset.gov.il/en/news/pressreleases/pages/press6323y.aspx


Насоки
за користење на истражувачките услуги
на Парламентарен институт
Кој ги користи услугите?
-пратениците
-работните тела
-советите
-пратеничките групи
-генералниот секретар
Зошто?
за обезбедување објективни и непристрасни информации заради:
-подобро аргументирање на ставовите;
- подобро запознавање со предлог-законите и другите акти;
-кристализирање на идејата за поднесување предлог-закон;
-учество на јавни настапи, комуникација со граѓани и дипломатски посети
Како?
со поднесување барање за истражувачки работи:
-во писмена форма (на пропишаниот образец, потпишан лично од корисникот)
-во електронска форма (преку системот на е-парламент)
Кому му се поднесува барањето?
на раководителот на Парламентарен институт
(за дополнителни појаснувања во однос на темата и рокот, истражувачот и раководителите се консултираат со корисникот при добивањето на барањето и во текот на изработката на истражувачката работа)
Какви услуги и препорачан минимален рок?
минимум работни дена:
-кратка информација 3
-хронолошки преглед 5
-тематски преглед 5
-компаративен преглед 7
-опширна информација 10
Што содржат истражувачките работи?
истражувачките работи се од информативна природа, политички неутрални и објективни, се фокусираат на факти и не содржат препораки, ниту сугерираат решенија
Што не може да биде побарано?
-правни совети и помош за индивидуални случаи;
-изработка на нацрт-закони или амандмани;
-информации од надлежност на други сектори во Собранието
parl.inst@sobranie.mk
070/409-544
070/352-474
070/320-349
070/320-348
071/305-384